Државната комисија за жалби по јавни набавки врз основа на член 130 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот „АТРИУМ ДИ-МИЛ“ ДОО Скопје, изјавена против содржината на тендерската документација изготвена по Огласот бр.01/2021 за постапка за јавна набавка на посебни услуги која се спроведува согласно член 121 и член 122 од Законот за јавните набавки за доделување на договор за набавка на угостителски услуги – топол оброк за учениците во договорниот орган ООУ „Партенија Зографски“ Скопје, врз основа на член 160 став (1) точка 1 и став (2), (3), (4) и (5) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019 и „Службен весник на Република С. Македонија бр.87/2021), на 50-та Седница одржана на ден 17.11.2021 година го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

1. **СЕ ЗАПИРА** постапката по жалбата на жалителот „АТРИУМ ДИ-МИЛ“ ДОО Скопје, изјавена против содржината на тендерската документација изготвена по Огласот бр.01/2021 за постапка за јавна набавка на посебни услуги која се спроведува согласно член 121 и член 122 од Законот за јавните набавки за доделување на договор за набавка на угостителски услуги – топол оброк за учениците во договорниот орган ООУ „Партенија Зографски“ Скопје.

2. **Се задолжува договорниот орган** на жалителот да му ги надомести трошоците на жалбената постапка во висина од 250,00 денари на име административна такса **во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.**

3. **Заклучокот** на Државната комисија за жалби по јавни набавки **е конечен по извршената достава.**

## *О б р а з л о ж е н и е*

Договорниот орган, спровел постапка за јавна набавка по Оглас бр.01/2021 за постапка за јавна набавка на посебни услуги која се спроведува согласно член 121 и член 122 од Законот за јавните набавки за доделување на договор за набавка на угостителски услуги – топол оброк за учениците во договорниот орган ООУ „Партенија Зографски“ Скопје, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.05-477/1 од 02.11.2021 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки во делот на посебни услуги на 03.11.2021 година, како неделива, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот економски најповолна

понуда врз основа на цената, без спроведување на е-аукција. Од понудувачите било побарано да доставaт Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот од 3%.

Незадоволен од содржината на тендерската документација, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднесе економскиот оператор „АТРИУМ ДИ-МИЛ“ ДОО Скопје.

Договорниот орган во одговорот на жалбата наведува дека по приемот на жалбата констатирал дека истата е основана за што изготвил Предлог одлука за поништување на постапката бр.05-477/11 од 12.11.2021 година и донел Одлука за поништување на постапката бр.05-477/12 од 12.11.2021 година.

Оттука, Државната комисија разгледувајќи ги доказите кои се дел од досието на постапката на ЕСЈН, постапи согласно член 160 став (1) точка 1 од Законот за јавните набавки во кој е наведено: „(1) Државната комисија во жалбената постапка може да: 1. ја запре жалбената постапка“.

Согласно член 166 став (7) од Законот за јавни набавки: „(7) Во случај на целосно усвојување на жалбата, договорниот орган е должен на подносителот на жалбата да му ги надомести оправданите трошоци за постапката.“.

**<u>Упатство за правно средство:</u>** Согласно член 170 од Законот за јавните набавки и член 26 од Законот за управните спорови, против овој заклучок незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на заклучокот.

Бр.09-1126/4
17.11.2021 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Кирил Каранфилов**

Доставено до:
- Архива,
- „АТРИУМ ДИ-МИЛ“ ДОО Скопје, ул.Нагоричанска бр.22, Скопје
- ООУ „Партенија Зографски“ Скопје, ул.Доситеј Обрадовиќ бр.18, Скопје